**20250030075**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

## УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА КОНТРОЛА НА ИЗВОЗ НА СТОКИ И ТЕХНОЛОГИИ СО ДВОЈНА УПОТРЕБА

Се прогласува Законот за изменување на Законот за контрола на извоз на стоки и технологии со двојна употреба,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 27 декември 2024 година.

Бр. 08-6502/1
27 декември 2024 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Гордана Сиљановска-Давкова,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
**Африм Гаши,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА КОНТРОЛА НА ИЗВОЗ НА СТОКИ И ТЕХНОЛОГИИ СО ДВОЈНА УПОТРЕБА

Член 1

Во Законот за контрола на извоз на стоки и технологии со двојна употреба („Службен весник на Република Македонија” број 82/2005, 84/2007, 158/10, 136/11, 199/14, 192/15 и 53/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија” број 215/21) во член 4 во ставот (2) зборовите: „Министерството за економија“ се заменуваат со зборовите: „Министерството за економија и труд“, а зборовите: „Министерството за надворешни работи“ се заменуваат со зборовите: „Министерството за надворешни работи и надворешна трговија“.

Во ставот (4) во алинејата 4 зборовите: „министерот за економија“ се заменуваат со зборовите: „министерот за надворешни работи и надворешна трговија“.

Во ставот (6) зборовите: „Министерството за економија“ се заменуваат со зборовите: „Министерството за надворешни работи и надворешна трговија“.

Член 2

Членот 5 се менува и гласи:

„Владата на Република Северна Македонија на предлог на Комисијата донесува Листа на стоки и технологии со двојна употреба.“.

Член 3

Во членот 6 во ставот (2) зборовите: „Министерството за економија“ се заменуваат со зборовите: „Министерството за надворешни работи и надворешна трговија“.

Ставот (3) се менува и гласи:

„Дозвола за извоз е потребна и во случаите кога стоките и технологиите не се опфатени со Листата од членот 5 на овој закон, доколку извозникот е известен од страна на Министерството за економија и труд, Министерството за одбрана, Министерството за внатрешни работи, Министерството за надворешни работи и надворешна трговија, Царинската управа на Република Северна Македонија или друг надлежен орган дека таа стока или технологија во целина или нејзини делови се или може да се наменат за развој, производство, управување, ракување, одржување, ускладиштување, откривање, препознавање или ширење на хемиско, биолошко или нуклеарно оружје или за развој, производство, одржување и складирање на ракети способни за пренос на такво оружје.“.

Во ставот (4) зборовите: „точка 1" се бришат.

Во ставот (5) зборовите: „точка 1" се бришат.

Во ставот (6) зборовите: „точка 1" се бришат.

Член 4

Во членот 6-а во ставот (3) зборовите: „точка 1" се бришат, а зборовите: „Министерството за надворешни работи“ се заменуваат со зборовите: „Министерството за економија и труд“.

Во ставот (4) зборовите: „точка 1 " се бришат.

Во ставот (5) зборовите: „точка 1" се бришат.

Член 5

Во членот 6-б во ставот (1) зборовите: „точка 1" се бришат.

Во ставот (5) зборовите: „Министерот за економија“ се заменуваат со зборовите: „Министерот за надворешни работи и надворешна трговија“, а зборовите: „точка 1" се бришат.

Член 6

Во членот 7 во ставот (2) зборовите: „министерот за економија“ се заменуваат со зборовите: „министерот за надворешни работи и надворешна трговија“.

Во ставот (3) зборовите: „министерот за економија“ се заменуваат со зборовите: „министерот за надворешни работи и надворешна трговија“.

Член 7

Во член 8 ставот (1) се менува и гласи:

„Министерството е должно пред издавање на дозволата за извоз, односно дозвола за брокерски услуги да побара мислење од Министерството за одбрана, Министерството за внатрешни работи и Министерството за економија и труд.”.

Во ставот (2) зборовите: „ , а за доставените барања за добивање мислење се известува Државниот управен инспекторат заедно со копија од доставените барања за мислења“ се бришат.

Член 8

Во член 13 во ставот (1) зборовите: „Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен“ се заменуваат со зборовите: „Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен“.

Член 9

Во членот 18 во ставот (2) зборовите: „Министерот за економија“ се заменуваат со зборовите: „Министерот за надворешни работи и надворешна трговија“.

Ставот (4) се брише.

Ставот (5) станува став (4).

Член 10

Во член 22-е во ставот (9) зборовите: „министерот за економија“ се заменуваат со зборовите: „министерот за надворешни работи и надворешна трговија“.

Член 11

Низ целиот текст на законот зборовите: „Република Македонија“ се заменуваат со зборовите: „Република Северна Македонија“.

Член 12

Започнатите постапки по поднесени барања за издавање на дозволи за извоз, за брокерски услуги, за транзит и за сертификат за краен корисник до денот на влегувањето во сила на овој закон ќе завршат согласно со Законот за контрола на извоз на стоки и технологии со двојна употреба („Службен весник на Република Македонија” број 82/2005, 84/2007, 158/10, 136/11, 199/14, 192/15 и 53/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија” број 215/21).

Член 13

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.